**ФЕДЕРАЦИЈА НА БОРЕЧКИТЕ СПОРТОВИ НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIA WRESTLING FEDERATION**
**Ul. 1732, nr.4, 1000 Skopje, Macedonia, Contact tel: +389 76 474467**
**Email: mkd@unitedworldwrestling.org**

ФЕДЕРАЦИЈА НА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 09/02 02
08-01 2020 год
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

Од одржан состанок на Регистрациона комисија на ФБСМ, на ден 08.01.2020 година во Скопје,

Регистрациона комисија на ФБСМ, на ден 08.01.2020 година, согласно правилникот за пререгистрација и регистрација на борачи, одржа состанок на кој ги разгледа сите пристигнати барања од боречките клубови за пререгистрација и регистрација на борачи, и барања за преминување во друг клуб за натпреваручка 2020 година.

Комисијата констатира дека се пристигнати 14 барања за премин во друг клуб, од кои 13 се исправни, а едно барање од Марко Златановски кој е член на БК 7-ми Мај - Тигар а барањето е поднесено дека е член на БК Безбедност и истиот е регистриран во 2019 година за БК 7-ми Мај - Тигар под реден број 232 во матична книга за регистрирани борачи, а во преодниот рок се бара да биде регистриран за БК 7-ми Мај - Тигар. Согласно правилникот барањето е формално неисправно и истиот си останува понатаму член на БК 7-ми Мај - Тигар.

Борачи кои поднеле барање за премин во друг клуб:

| Р. Бр. | Име и презиме | Член на БК | Барање за БК | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Марија Спирковска | 7-Мај Тигар | Вардар | |
| 2. | Роберт Костовски | Вардар | Неготино | |
| 3. | Зулќуфли Асани | Тефејуз | Лирија 2010 | |
| 4. | Реџеп Хајдари | Тефејуз | Чаир | |
| 5. | Бајрам Хајдари | Тефејуз | Чаир | |
| 6. | Андреј Наков | Безбедност | 7-ми Мај - Тигар | |
| 7. | Љубомир Блажевски | Безбедност | 7-ми Мај - Тигар | |
| 8. | Владимир Блажевски | Безбедност | 7-ми Мај - Тигар | |
| 9. | Марко Златановски | Тигар | 7-ми Мај - Тигар | Неисправно |
| 10. | Идриз Идар | Чаир | 7-ми Мај - Тигар | |
| 11. | Антонија Тодоровска | Тигар | Безбедност | |
| 12. | Теона Топаловска | Тигар | Безбедност | |
| 13. | Леона Топаловска | Тигар | Безбедност | |
| 14. | Алек Ѓеорѓиев | Неготино | Балканец | |

Комисијата констатира дека согласно правилникот за пререгистрација и регистрација, поднесените барања под реден број: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 10, 11, 12, 13 и 14, ги исполнуваат условите за премин во друг клуб и истите ќе се регистрираат согласно поднесените барања.

Поднесените барања за прва регистрација од БК 7-ми Мај - Тигар од Скопје од Рубен Модосјан роден на 08.06.2006 година во Гори, Грузија и Адам Модосјан роден на 05.11.2002 година во Зеленогорск, Русија, комисијата констатира дека се формално неисправни и не ги исполнуваат условите за прва регистрација согласно член 20 од правилникот за пререгистрација и регистрација. Врз основа на ова Регистрациона комисија ќе поднесе дисциплинска пријава против БК 7-ми Мај – Тигар од Скопје и претседателот на БК 7-ми Мај – Тигар, Страшо Глигоров.

Регистрациона комисија

Јовица Ѓорѓевиќ – Член
Седат Бафтија – Член

Претседател
Наим Рамука

ФЕДЕРАЦИЈА НА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ НА МАКЕДОНИЈА 1 СКОПЈЕ